Бр./Nr 12-8176/2 (2022)

15-09-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92- седница одржана на 11.09.2023 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-8176/1 од 15.09.2022 година, против одговорни лица во Детската градинка во -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со број 12-8176/1 од 15.09.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, на ден 15.09.2022 година, поднесена е пријава против одговорни лица во Детската градинка во -------- и оформен е предмет број 12-8176/1 од 15.09.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во една детска градинка на територијата на Општина ------- (без притоа да наведе за која градинка се работи), децата кои биле згрижени се соочувале со повеќе проблеми.

Имено, како што е наведено во пријавата, објектот на детската градинка во која биле згрижени деца имала проблем со затоплување за време на зимската сезона, па наместо соодветно парно греење просториите биле загревани со несоодветни греалки.

Исто така проблем имало и при изборот на сооветна храна за децата за која како што е наведено во пријавата родителите не биле информирани за тоа од каде се набавувала храната ниту пак биле информрани за количината на храна и видот на производите кои градинката ги набавувала.

Проблем во градинката било и соодветното одржување на хигиена, за што во пријавата е наведено дека просториите во кои биле згрижени децата никогаш не биле по нечисти.

Подносителот изразува загриженост за состојбата на градинката во која се згрижуваат деца и бара ДКСК да постапи согласно законските надлежности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот содржани се општи наводи, без посочување на конкретни личности по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk